# ПРИРАЧНИК ЗА БУЏЕТСКА АНАЛИЗА И ТОЛКУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ ПОДАТОЦИ НАМЕНЕТ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост нажените (ЕСЕ)**

**Април, 2020 година**

Автор: м-р. Дарко Антиќ, програмски координатор во Здружение ЕСЕ

Прирачникот е изработен како дел од заложбите на Здружението ЕСЕ за формирање на мрежа на граѓански организации кои ќе ја применуваат методологијата за буџетски мониторинг и застапување.Прирачникот е изработен како дел од активностите на ЕСЕ поддржани од Европската Унија и Фондацијата отворено општество Македонија, а треба да послужи како ресурсен материјал за јакнење на капацитетите на граѓанските организаци во Република Северна Македонија.

Авторските права врз прирачникот припаѓаат на Здружението ЕСЕ, а секое умножување или користење не е дозволено.

# <u>Содржина</u>

**1. Вовед**

**2. Чекори на буџетска анализа и толкување на буџетски податоци**

Чекор 1. Идентификување на документи и информации потребни за спроведување на буџетската анализа

Чекор 2. Прибирање на инфрормации потребни за спроведување на буџетска анализа

Чекор 3. Внесување на прибраните информации и нивна анализа

Чекор 4. Подготовка на извештај врз основа на наодите од спроведената анализа

# 1. Вовед

Граѓанските организации во Република Северна Македонија претставуваат клучен актер во осигурувањето на отвореноста, патриципативноста и транспарентноста на буџетскиот систем и буџетскиот процес.Оттука, вклучувањето на граѓанските организации во буџетскиот процес е нужно и значајно заради обезбедување на независна проценка/анализа со што ќе придонесат за развојот и одржливоста на буџетскиот систем; презентирање на нови информации во буџетските дебати и продлабочување на истите преку поедноставување на буџетот.

За да граѓанските организациите ефикасно влијаат врз буџетските приоритети и буџетскиот процес, треба подлабоко да се ангажираат во толкување и анализа на буџетските податоци, а се во насока да дадат дополнителна тежина на своите анализи и предлози.

Кога граѓанските организации ќе направат комбинација на своето познавање за проблемите кои постојат во јавните политики, како на пример здравствените и образовните, со солидно познавање на буџетите и ефективна стратегија за застапување, тие ќе можат позитивно да влијаат врз донесувањето на одлуки поврзани соистите.[1]Со вклучување во буџетскиот процес од формулирање преку спроведување и ревизија, граѓанските организации можат да:

- обезбедат важни информации за потребите и приоритетите на граѓаните со што ќе овозможат донесување на политики кои ги следат овие потреби;
- вклучат повеќе граѓани во дебатата преку собирање, сумирање во лесно разбирливи формати и ширење на информациите за буџетот;
- ги обучатграѓаните сами да ги разберат и анализираат државните буџети;
- го надополнат капацитетот на владата за ефикасно буџетирањепреку обезбедување на техничка поддршка;
- дадат независно мислење на буџетски предлози и примени;
- ги држат властитеодговорни за ефикасно користење на јавните ресурси со постигнување на посакуваните резултати; и
- развијатсилнисојузништва со претставници на јавните институции, во насока на заедничко реформирање и унапредување на буџетскиот процес и процесот на донесување на одлуки.

[1] International Budget Partnership: https://www.internationalbudget.org/role-of-civil-society-budget-work/

Овој прирачник има за цел да допринесе кон унапредување на капацитетите на граѓанските организации преку обезбедување на вештини за анализа и толкување на буџетските податоци што ќе им помогне да го зајакнат своето буџетско застапување. Односно, прирачникот има за цел да ги запознае граѓанските организации со основните постапки за анализа на буџетските податоци од различни перспективи во текот на буџтскиот процес, а во насока на непосредно вклучување на граѓанските организации во буџетскиот процес

Дополнително, овој прирачник е наменет за граѓански организации кои работат на прашања кои се буџетски уредени, а за кои е потребно да се приберат, анализираат и толкуваат буџетски податоци со цел да се разбере нивната позадина и да се користат за повикување на одговорност на оние кои донесуваат одлуки. Оттука, овој прирачник има за цел да им помогне на граѓанските организации да ги развијат своите вештини и техники за буџетска анализа и толкување, со цел ефикасно вклучување во буџетскиот процес.

И покрај тоа што прирачникот се фоксуира на анализа на националниот буџет, сепак корисниците истите постапки можат во целост да ги пресликаат и применуваат во анализа на локалните буџети.

# 2. Чекори на буџетска анализа и толкување на буџетски податоци

***Чекор 1.***Идентификување на документи и информации потребни за спроведување на буџетската анализа

Информации за износот на средства потрошени за унапредување на здравјето на мајките и децата, како и здравјето на жените, се содржани во повеќе јавно достапни документи и документи кои се подготвуваат од јавните институции, а кои не се јавно достапни. Документите кои се јавно достапни можат да се користат веднаш, а пак оние кои не се јавно достапни потребно е да се обезбедат преку спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен крактер.

Подолу во табелата се наведени документите кои се јавно достапни, линкот од каде истите можат да бидат превземени, информации кои тие ги содржат и се важни за анализата и периодот кога се објавуваат. Дополнително, во наредната табела се наведени сите оние документи кои  не се јавно достапни, а кои содржат знајчани информации за спроведување на политиките за унапредување на здравјето на мајките и децата и жените. Во оваа табела се наведени и институциите кои ги подготвуваат овие документи, а до кои треба да бидат адресирани барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Табела 1.** *Јавно достапни документи*

| Назив на документ | Што содржи секој од буџетските документи? | Линк од каде може да се превземе документот | Период на објавување |
|---|---|---|---|
| Фискална стратегија | Среднорочна рамка на буџетсите приходи и расходи (колку средства се предвидува дека ќе се приберат во буџетот во следните три години и за кои намениистите ќе се потрошат) | https://finance.gov.mk/mk/node/4107 <br> https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020 | најдоцна до 31 мај |
| Предлог буџет | Колку средства од проектираните со фискалната стратегија се | https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020 | најдоцна до 1 ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | предвидува да се издвојат за здравство, здравствена заштита, и унапредување на здравјето на мајките и децата и жените, во споредба со останатите јавни функции. Како и од кои извори на средства истите ќе се обезбедат. | | |
| Усвоен буџет | Колку средства од се планира да се потрошат за здравство, здравствена заштита, и | [https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020](https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020) | најдоцна до 31 екември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | унапредување на здравјето на мајките и децата и жените, во споредба со останатите јавни функции. Како и од кои извори на средства истите ќе се обезбедат. | | |
| Извештаи за месечна и квартална реализација на буџетот | Колку средства се потрошени за секторот здравство, за здравствена заштита, и здравствена заштита на мајките и децата и жените. Како и колку средства се | https://finance.gov.mk/mk/node/693<br><br>https://finance.gov.mk/mk/node/692<br><br>https://finance.gov.mk/mk/node/898 | по завршување на секој месец или пак квартал. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | прибрани и искористени за покривање на трошоците во здравството во споредба со останатите јавни функции. | | |
| Полугодишен извештај на буџетот | Колку средства се потрошени за секторот здравство, за здравствена заштита, и здравствена заштита на мајките и децата и жените. Како и колку средства се прибрани и искористени за покривање на | https://finance.gov.mk/mk/node/898 | јули |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | трошоците во здравството во споредба со останатите јавни функции. | | |
| Измени и дополнување на буџетот | Промените во износот на средства наменети за одредени буџетски функции, програми и активност. | https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020 | најмалку еднаш годишно во периодот од јули до септември. |
| Завршна сметка | Колку средства се потрошени во претходната година за здравство, здравствена заштита и унапредување на здравјето на мајките, децата и жените во споредба | https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020 | најдоцна до 30 јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со останатите функции на државата. | | |
| Ревизорски извештаи | Наоди на независен ревизор за регуларност и успешност во трошењето на буџетските средства и спроведувањето на јавните политики. | https://dzr.mk/mk/revizorski-izvestai | согласно програмата за работа на државниот ревизор достапна на https://dzr.mk/mk/godisni-programi-arhiva |
| Усвоени здравствени програми | Колку средства се издвоени и за кои активности за унапредување на здравјето на мајките, децата и жените се издвоени овие средства? | http://zdravstvo.gov.mk/programi/ <br><br> http://healthrights.mk/index.php/2012-01-18-18-57-51/preventivni-i-kurativni-programi-na-ministerstvoto-za-zdravstvo-pacienti.html | Најдоцна до крајот на јануари |
| Годишни извешта | Колку средства | http://zdravstvo.gov.mk/izv | мај/јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и за реализација на здравствените програми | се потрошени и за кои активности и за унапредување на здравјето на мајките, децата и жените се потрошениовие средства? | eshtai/ | |

**Табела 2.** *Документи кои треба да се обезбедат преку постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер*

| Назив на документи | Институција имател |
|---|---|
| Фактури за обезбедување на одредени услуги и активности предвидени со програмите за унапредување на здравјето на мајките, децата и жените кои се доставуваат до Министерството за здравство. | Министерство за здравство<br><br>Извршители на програмите<br><br>(пр. Здравствени домови, Центри за јавно здравје, Клинички и општи болници болници, итн. Види дел на извршители во програмите!) |
| Извештаи во прилог на фактури за обезбедување на одредени услуги и активности предвидени со програмите за унапредување на здравјето на мајките, децата и жените кои се доставуваат до Министерството за здравство. | Министерство за здравство<br><br>Извршители на програмите<br><br>(пр. Здравствени домови, Центри за јавно здравје, Клинички и општи болници болници, итн. Види дел на извршители во програмите!) |
| Барања за исплата на средства од буџетот на програмите за унапредување на здравјето на мајките, децата и жените подготвени врз основа на | Министерство за здравство<br><br>Сектор трезор, Министерство за финансии |

| | |
|---|---|
| фактурите и доставени за исплата од страна на Министерството за здравство. | |
| Извод од сметка каде се прикажани приливите и одливите | Министерство за здравство (за исплатени средства кон извршителите и потрошени средства за одредени намени кои самостојно ги менаџира)<br><br>Извршители на програмите (за примени средства од Министерството за здравство и за потрошени средства за спроведување на активностите)<br><br>https://open.finance.gov.mk |
| Дневник за спроведени патронажни посети и систематски прегледи | Здравствени домови |
| Извештаи за спроведени јавни кампањи | Министерство за здравство<br><br>Извршители на програмите<br><br>(пр. Здравствени домови, Центри за јавно здравје, Клинички и општи болници, итн. Види дел на извршители во програмите!) |
| Продукти (како на пример: брошури, прирачници, извештаи, и сл.) од самите програми. | Министерство за здравство<br><br>Извршители на програмите<br><br>(пр. Здравствени домови, Центри за јавно здравје, Клинички и општи болници, итн. Види дел на извршители во програмите!) |

**Чекор 2.** ***Прибирање на информации потребни за спроведување на буџетска анализа***

Информациите кои се содржани во јавно достапните документи (фискалната стратегија, предлог буџетот, усвоениот буџет, измените и дополнувањата на буџетот, завршната сметка, усвоените здравствени програми и ревизорските извештаи) можете веднаш да ги превземета и анализирате. Вообичаено според временската рамка означена во табела 1, истите се достапни на интернет страниците на Министерството за финансии, Собранието на РСМ, Службен Весник, Министерството за здравство и Државниот завод за ревизија. Доколку ви се потребни подетални информации, кои би значеле дополнување или пак продлабочена анализа на податоците содржани во јавно достапните документи (пример. доколку скаате да видите колку средства се потрошени за одредена активност предвидена со здравствените програми, види табела 2), во тој случај истите можете да ги обезбедите преку спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер по следните чекори:

**1. Подгответе листа на информации кои ви се потребни и подгответе листа на конкретни прашања кои сакате да им ги поставите на имателите на информации** (наведени во втората колона од табела број 2).

Прашањата, односно барањата треба да бидат прецизни, јасни и конкретни.

*На пример: Доставете ни копија од дневникот за спроведени патронажни посети на улица 56, од општина Центар во периодот од о1 јануари до 31 декември, 2019 година. Или пак, колку едукативни работилници за здраво мајчинство се спроведени во општина Шуто Оризари во 2019 година?Напомена: за секоја работилница наведете ја датата на реализација, бројот на присутни лица, местото на реализација и доставете ни копија од листа на присутни.*

**2. Прашањата копирајте ги во делот “опис на информацијата која се бара” од официјалниот формат на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер** достапен на следниот линк: http://komspi.mk/wp-content/uploads/2015/12/Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-карактер.pdf

Едно прашање = едно барање.

Покрај тоа што ќе ги копирате прашањата, пополнете ги и останатите делови од барањето: до кого го адресирате барањето, името на организацијата од која доаѓате и контакт информации за лицето кое го доставува барањето, начин на кој ја барате информацијата (ако барате копија заокружете дека барате фотокопија, ако барате одреденна информација заокрижете препис, итн.), заокружете го начинот на кој сакате да ви биде доставена информацијата (најдобро е истата да ја добиете по пошта или пак е-маил), наведете го датумот кога сте го подготвиле барањето, наведете го местото кога сте го подготвиле барањето и потпишете го барањето.

Подготвените барања се принтаат во два примерока и се заверуваат со архивски печат и печат на организацијата. Еден примерок останува за вашата организација, а пак другиот се доставува до институцијата. Доставувањето на барањата најдобро е да биде лично во архивата на институцијата до која се праќа, на тој начин што на вашиот примерок институцијата ќе стави печат за прием. Доколку не е возможно лично да се поднесе барањето,тоа се доставува по пошта со препорачана пратка и повратница, така што на повратницата се наведуваат архивските броеви на сите барања содржани во пратката.

Доставените барања чекате да ви бидат одговорни во рок од 15 дена.

**3.Доколку не добиете одговор имате можност да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од истекот на периодот за одговор. За таа цел користете го официјалниот пропишан формат на жалба** достапен на следниот линк: http://komspi.mk/wp-content/uploads/2015/12/ОБРАЗЕЦ-ЗА-ЖАЛБА-2020.pdf

Во делото "жалбена основа" наведете ја причината за која се жалите, односно опишете го целиот процес вклучително датумот кога сте го доставиле барањето, до кого е доставено барањето, кога барањето било примено од институцијата, што сте барале и за што се жалите (дека не сте добиле одговор или пак дека не сте задоволни од добиениот одговор).

Едно барање = една жалба.

Откако ќе ги пополните и останатите категории од жалбата, истата ја принтате во три примероци, еден за вас и другите два за Агеницјатаза заштита на правото на слободен пристап до

информации од јавен карактер.Во прилог на истата ставате еден примерок од поднесеното барање и повратница или пак добиенито одговор, како доказ.Вака подготвените жалби ги доставувате лично во архивата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (14 кат од зградата на МТВ) или пак ги праќате по пошта во препорачана пратка со повратница.

Во рок од 15 дена очекувајте да добиете одговор на жалбата. Доколку не добиете одговор контактирајте ја Агенцијата.На решението на Агенцијата исто така имате можност за жалба пред Управниот суд на РСМ со плаќање на судска такса (овој механизам не го препорачуваме заради должината на периодот за добивање на одговор).

**Чекор 3.** *Внесување на прибраните информации и нивна анализа*

## 1. Внесување на прибрани информации

Откако ги прибравте информациите/документите, независно дали станува збор за јавно достапни или пак прибрани преку постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е истите да ги внесете во ексел база на податоци со цел да можете да ги споредувате и анализирате истите. При внесување поребно е во еден ексел документ да бидат внесени сите информации кои се однесуваат на одредено прашање (пр. Програма за систематски прегледи на ученици и студенти) така што во одделни sheet-ови од документот ќе се внесуваат информациите од различни институции. (Види слика 1, 2 и 3). Односно, доколку имате фактури и извештаи за извршени услуги во рамки на здравствените програми (слика 1 и 2), најпрво во првата колона ги внесувате називите на активностите кои се спроведени. Потоа, хоризонтално го внесувате периодот за кој се однесува фактурата или пак извештајот, бројот на фактурата или извештајот, обемот на реализирани активности и износот на фактурирани активности за секоја фактура посебно (види колони О и Р од слика 1). На овој начин добиете јасен и компаративен преглед на тоа во кој период и во колкав обем се реализирани најмногу активности, дали обемот е во согласност со планираниот или пак не, колку средства и во кој период се потрошиле за секоја од активностите. Истото се однесува и на извештаите опишани на сликата 2.

За разлика од фактурите и извештаите, информациите од изводите од трезорските сметки на институциите ќе ви покажат која фактура е наплатена, во кој износ, во кој период и дали институцијата има ненаплатени побарувања. Па оттука, како што е наведено на сликата три, под табелите кои се однесуваат на фактури потребно е да додадете два реда, на тој начин што под секој вкупен износ на фактурата (согласно бројот на фактура содржан во изводите) ќе наведете кога таа фактиура е платена и во кој износ. Оттука, разликата помеѓу вкупно фактурираниот износ и вкупно наплатениот изност ќе ви покаже колкави е обврските на Министерството за здравство кон институцијата за спроведување на активностите од програмите.

***Слика 1.****Внесување на добиени копии од фактури за извршени услуги од КБ Тетово по Програма за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година*



Програма за систематски прегледи на деца и ученици 2018.xlsx

Барања број:
0801-3296/19-01

Доставете ни копија од сите фактури кои Здравствениот Дом ги има доставено до Министерството за здравство за извршени услуги согласно Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година?

| Ред. Бр. | Назив на услугата | Износ на партиципација | За месец 01,02,03 2018 Ф-ра бр. 112 Бр на ученици и студенти лица неопфатени во образовниот систем | Износ | За месец 04,05,06 2018 Ф-ра бр.199 Бр на ученици и студенти лица неопфатени во образовниот систем | Износ | За месец 07,08,09 2018 Ф-ра бр. 338 Бр на ученици и студенти лица неопфатени во образовниот систем | Износ | За месец 10,11,12 2018 Ф-ра бр. 441 Бр на ученици и студенти лица неопфатени во образовниот систем | Износ | Вкупно задолжување по ф-ри |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Партиципација за лабораториски преглед за осигурените ученици и студенти за извршени систематски прегледи | 50.00 | | | | | 147 | 7,350.00 | 264 | 13,200.00 | |
| 2 | Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 год неопфатени во образовен | 400.00 | | | | | | | | | |
| 3 | Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас кај децата | 500.00 | | | | | | | | | |
| 4 | Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение. | | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,100.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,672.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,672.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,672.00 | |
| 4.1 | Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 год и со тежок вид на ментлна и физичка попреченост | | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 2,530.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,908.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,908.00 | Според предлогот на бројот на децата доставен од Министерство за труд и социјална политика | 1,908.00 | |
| | Вкупно за плаќање | | | 3,630.00 | | 3,580.00 | | 10,930.00 | | 16,780.00 | 34,920.00 |

ЗД ОХРИД | ЗД КРАТОВО | ЗД РЕСЕН | ЗД ДЕМИР ХИСАР | ЗД ТЕТОВО | Sheet1

***Слика 2.**Внесување на добиени копии од извештаи доствени во прилог на фактури за извршени услуги од КБ Тетово по Програма за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година*



Програма за систематски прегледи на деца и ученици 2018.xlsx

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на ментлна и физичка попреченост | политика | | социјална политика | | политика | | политика | |
| Вкупно за плаќање | | 3,630.00 | | 3,580.00 | | 10,930.00 | | 16,780.00 | 34,920.00 |

Барања број:
0801-3296/19-02

Доставете ни копија од сите извештаи кои Здравствениот Дом ги има доставено во прилог на фактурите до Министерството за здравство за извршени договорни услуги согласно Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година.

**Доставени се копии од извештаи за период 01.01.2018-31.12.2018.**

| ИЗВЕШТАИ | | 01,02,03 - 2018 | | | 04,05,06 - 2018 | | | 07,08,09 - 2018 | | | 10,11,12- 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Обем | Цена | Вкупно | Обем | Цена | Вкупно | Обем | Цена | Вкупно | Обем | Цена | Вкупно |
| 1 | Партиципација за лабораториски прегледи за осигурените ученици и студенти за извршени систематски прегледи | | 50.00 | | | 50.00 | | 147 | 50.00 | 7,350.00 | 264 | 50.00 | 13,200.00 |
| 2 | Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурени деца на возраст од 7-18 години неопфатени во образовниот систем | | 400.00 | | | 400.00 | | | 400.00 | | | 400.00 | |
| 3 | Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки ви развојот на слух, говор и глас кај децата | | 500.00 | | | 500.00 | | | 500.00 | | | 500.00 | |
| 4 | Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение | | | 1,100.00 | | | 1,672.00 | | | 1,672.00 | | | 1,672.00 |
| 4.1 | Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција на кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот) | | | 2,530.00 | | | 1,908.00 | | | 1,908.00 | | | 1,908.00 |
| Вкупно за плаќање | | | | 3,630.00 | | | 3,580.00 | | | 10,930.00 | | | 16,780.00 |

Барања број:

ЗД ОХРИД | ЗД КРАТОВО | ЗД РЕСЕН | ЗД ДЕМИР ХИСАР | ЗД ТЕТОВО | Sheet1

*С**лика 3.**Внесување на добиени копии од изводи од трезорска сметка за добиени средства за извршени услуги од КБ Тетово по Програма за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година*


Програма за систематски прегледи на деца и ученици 2018.xlsx

| A | B–D | F | G | I | J | L | M | O | P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки ви развојот на слух, говор и глас кај децата | 500.00 | | 500.00 | | 500.00 | | 500.00 | |
| 4 | Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение | | 1,100.00 | | 1,672.00 | | 1,672.00 | | 1,672.00 |
| 4.1 | Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција на кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот) | | 2,530.00 | | 1,908.00 | | 1,908.00 | | 1,908.00 |
| | Вкупно за плаќање | | 3,630.00 | | 3,580.00 | | 10,930.00 | | 16,780.00 |

Барања број:
0801-3296/19-03

Доставете ни копија на извод од трезорска сметка на Здравствениот Дом каде се евидентирани сите приливи од Министерството за здравство на име Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година.

**Доставени се копии од изводи за 2018 година**

| Датум | Бр. на извод | Бр. на фактура | Износ | 2018 | Ненаплатени побарувања за 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| 25/6/18 | 115 | 112 | 3,580.00 | Квартал 1 | 50.00 |
| 10/8/18 | 148 | 199 | 3,580.00 | Квартал 2 | |
| 23/11/18 | 219 | 338 | 10,930.00 | Квартал 3 | |
| 11/3/19 | 48 | 441 | 16,780.00 | Квартал 4 | |
| | | | | | |
| Вкупно | | | 34,870.00 | | 50.00 |

Вкупен износ на ф-ра 112 изнесува 3630 ден

Барања број:
0801-3296/19-04

На колкав број на осигурени ученици и студенти на возраст од 7 -18 години им биле извршени систематски прегледи согласно Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година?

**На 416 осигурени ученици и студенти.**

Барања број:
0801-32965/19-05

На колкав број на осигурани лица на возраст од 7 -18 години неопфатени во образовниот систем им биле извршени систематски прегледи согласно Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2018 година?

**Нема осигурани лица на возраст од 7-18 год неопфатени во образовниот систем на кои им биле извршени систематски прегледи.**

Барања број:
0801-3296/19-06

Барања број:
0801-3296/19-07

## 2. Обработка на прибраните податоци

Откако ќе ги внесете сите прибрани информации, потребно е истите да ги сумирате или прикажете збирно. Ова може да го направите во посебен ексел документ, каде најпрво ќе ги внесете активностите, обемот на активности и издвоените средства онака како што се планирани во усвоената политика/програма (пр. Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата), а потоа покрај секоја од планираните активност ќе го внесете реализираниот обем и потрошените средства онака како што ви ги дале институциите. (види слика 4). Овој пристап во сумирањето на податоците е важен заради фактот што ќе ви овозможи да добиете информации за тоа колкав дел од планираните активности се реализирани или пак колкав дел од планираниот буџет е потрошен.

Како што можете да видите на сликата 4, првата колона се однесува на планирани активности во буџетот на една здравствена програма, а пак втората колона покажува кој е одговорен извршител за секоја од активностите. За секоја активности хоризонтално во наредните четири колони се наведени планираниот обем и буџет (исто како во усвоената програма) и реализираниот обем и буџет (збир од информациите за обемот на реализирани активности и наплатени средства за секоја од институциите согласно на тоа дали е извршител на активноста или пак не). Последните две колони од табелата го прикауваат процентот на реализација поодделно за обемот и буџетот на секоја од активностите, односно отстапувањата помеѓу колоните планиран и реализиран обем и планиран и реализиран буџет.

***Слика 4**. Збирен приказ на планирани и реализирани активности и средства во Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2018 година*




| | A | B | C | D | E | F | G | H |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Назив на активност | Извршител | Планиран обем | Планиран буџет | Реализиран обем | Реализиран буџ | Процент на реализација на активности | Процент на реализација на буџет |
| 2 | Неонатален тироиден скрининг на целата популација | УК за детски болести | 25,000 | 3,000,000 | 20,917 | 3,000,000.00 | 84 | 100 |
| 3 | Неонатален метаболен скрининг за новородени | УК за детски болести | 2,000 | 2,000,000 | 8,325 | 3,049,133 | 416 | 152 |
| 4 | Неонатален скрининг за цистична фиброза | УК за детски болести | 12,000 | 2,040,000 | 9332 | 2,040,000 | 78 | 100 |
| 5 | Обука на здравствени работници од превентивни тимови за препознавање на аутизам | УК за детски болести | 4 | 200,000 | 4 | 0 | 100 | 0 |
| 6 | Воведување на M-chat како задолжителен скрининг на сите деца на возраст од 18 до 24 месеци во задолжителен систематски преглед на деца на предшколска возраст | Здравствени домови | 1 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Фолна киселина за секоја бремена жена | Здравствен дом Скопје | 25,000 | 300,000 | 20,147 | 241,763 | 81 | 81 |
| 8 | Државен центар за репродуктивно здравје - изработка на софтвер | УК ГАК, Општи Болници и Управа за електронско здравје | 1 | 1,328,000 | 1 | 1,328,000 | 100 | 100 |
| 9 | Обука на здравствени работници за семејно планирање согласно подготвена тренинг програма | Медицински факултет - Центар за семејна медицина и Завод за здравствена заштита на мајките и децата | 4 | 200,000 | 4 | 200,000 | 100 | 100 |
| 10 | Промоција на светската недела на доењето преку печатење на постери и брошури | Завод за здравствена заштита на мајките и децата и граѓански здруженија | 1 | 100,000 | 1 | 100,000 | 100 | 100 |
| | Едукативни работилници за | | | | | | | |

Откако ќе ја направите споредбата помеѓу планираните и реализираните активности и средства, а **<u>со цел да добиете целосна слика за состојбите и донесете правилни заклучоци и препораки, потребно е да утврдите</u>**:

1. <u>како се менувале средствата</u> на Програмата или пак средствата за поединечните активности низ годините (за да добиете реална претстава најдобро е да земете период од 5 години);
2. <u>како се менувале активностите</u> во Програмата низ годините;
3. <u>како се менувал обемот на активностите</u> низ годините;

**ПРЕСМЕТКА - Анализа на тренд**

Како надополнување на пресметката која се однесува на учеството во вкупниот буџет, анализата на трендот овозможува да се утврди дали средствата потрошени за учеството на средствата (пример за здравство) се зголемува или пак намалува во одреден временски периоди. Односно, дали средствата потрошени за одреден сектор, министерство, програма, под.програма, прашање и сл. во текот на одреден временски период се зголемуваат или пак намалуваат.  Оваа пресметка дава информации за тоа во колкава мера Владата е доследна во приоритетот кој го дава на одредено прашање и дали приоритетот даден на одреден сектор се променил во текот на временскиот период.

Тренд **= { (средства потрошени за одредено прашање во тековна година – средства потрошени за истотот прашање во претходната година)/ средства потрошени за истотот прашање во претходната година } * 100**

4. <u>колку вкупните средства</u> на Програмата <u>учествуваат во вкупните средства за превентивна задравствена заштита</u> и <u>средствата на Министерството за здравство</u>, како и како ова учество се менува во текот на годините;

**ПРЕСМЕТКА - Учество во вкупниот буџет**

Оваа пресметка се користи за да се утврди степенот до кој владата им дава приоритет на одредени прашањата или важноста што таа им ја дава на овие прашања во буџетот.

За да се утврди кој е приоритетот кој владата го дава на здравството, потребно е да се пресмета процентуалното учество на средствата издвоени за здравство во вкупниот буџет на државата. А пак, овој процент треба да се спореди со учеството да останатите функции на државата (социјала, образование, одбрана, економси развој, итн.).

Но секако, оваа пресметка може да се користи и за утврдување на приоритетот кој Владата го дава на одреден здравствен проблем во споредба со останатите проблеми. На пример, карциномот на грло на матка во споредба

со кардиоваскуларните заболувања. За да го утврдите тоа потребно е да утврдите со колкав процент учествуваат средствата наменети за лекување на карцином на грло на матка во буџетот на министерството за здравство во споредба со учеството на средствата за лекување на кардиоваскуларни заболувања.

Учество = **средства потрошени за одредено прашање/вкупни средства потрошени во секторот на кој припаѓа тоа прашање * 100**

5. направите споредба помеѓу вкупните средства на Програмата со останатите Програми, тековните трошоци на министерството (плати, режиски трошоци, итн.) и развојните трошоци на министерството (капитални проекти и инвестиции), и како овие средства се менувале низ годините;
6. направете споредба на тоа дали зголемувањето на Бруто Домашниот Производ е проследено со зголемување на средствата на министерството и Програмата;
7. сите пресметки наведени погоре најдобро е да ги направите на во номинален и реален износ. Номиналниот износ е онака како што се презентирани во документите, а пак реалниот го пресметувате на следниот начин:

**ПРЕСМЕТКА - Претворање на износот на средства во буџетот од номинална во реална вредност**

Средствата во буџетите се искажуваат во номинална вредност. Односно, во нивната моментална монетарна вредност, од аспект на тековните цени во буџетскиот период.

Меѓутоа за да се утврдат реалните промени во буџетот и реалниот придонес кон унапредување на уживањето на правата на граѓаните, овој номинален износ на средства треба да се усогласи за износот на инфлација низ одреден временски период. Откако ќе се усогласи номиналната во реална вредност, ќе можеме да видиме колку услуги или пак добра можат реално да се купат/обезбедат со буџетските средства во одреден временски период.

**Чекори кои треба да се следат при усогласување на номиналната и реалната вредност на буџетските средства:**

1. Одберете базична/почетна година. Ова е година кога немало инфлација или пак имало најмала стапка на инфлација (https://www.nbrm.mk).

Најдобар начин е да се користи првата година од периодот кој го анализирате.

2. Утврдете ја стапката на инфлација која ќе ја користите за усогласување. Најчесто употребувани стапки кои најдобро го прикаживаат влијанието на инфлација, а кои се користат за усоласување се Индексот на трошоци за живот (CPI - http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=15) и Бруто домашниот производ (GDP - http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=7).

3. Пресметајте го ценовниот индекс и ценовниот дефлатор.

Индексотнаценитеезбирнаиндекснитеброевикоипокажуваат какопрос ечнатаценанаеденпакетстокииуслугисеменувала сотекотнавремето. Погледнетегопримеротподолу:

| | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Инфлација | 1.4 | 1.5 | 0.8 |
| CPI | 100 | 100+100*(1.5/100)=101.5 | 101.5+101.5*(0.8/100)=102.3 |
| Дефлатор | 100/100=1 | 101.5/100=1.01 | 102.3/100=1.02 |

**Реалната вредност =** номиналната вредност/дефлаторот

**ПРЕСМЕТКА - Стапка на реален пораст или пак анализа на реален тренд**

Оваа пресметка е важна за толкување на процентуалниот раст во трошоците од една до друга година. Стапката на реален раст, како што објаснивме во пресметката бр. 1, ја зема предвид инфлацијата. Па оттука, за да се пресмета реалната стапка на пораст потребно е да се користат усогласените вредност добиени во пресметката број 1.

Стапка на реален пораст = **(реална вредност на средства потрошени во тековна година – реална вредност на средства потрошени за истотот прашање во претходната година)/ реална вредност на средства потрошени за истотот прашање во претходната година * 100**

Оваа формула е важна за анализа на буџетот, восмисла на тоа дека таа оди чекор понапред од само чисто следење на трендовите, односно дава можност да се утврди дали имало вистински раст на средствата во одреден временски период. Ваквиот раст подразбира дека Владата ги задоволува принципите и исполнува обврските за прогресивна реализација на средствата за одредено прашања на подолг рок.

Стапките на реален раст можат да секласифицираат на два начини и тоа, раст од година во година и годишена просечна стапка на раст. Растот од година во година го објаснивме претходно во оваа точка, а пак годишната просечна стапка на раст дава голема слика за тоа што се случува на среден рок (три години). Формулата е наведена подолу

Просечна годишна стапка на раст = **(реална стапка на раст за година број 1 + реална стапка на раст за година број 2 + реална стапка на раст за година број 3)/3**

**Чекор 4.** *__Подготовка на извештај врз основа на наодите од спроведената анализа__*

По направените пресметки и анализи, потребно е да ги презентирате во еден краток документ кој ќе го структурирате на следниот начин:

1. наведете што бил **предметот** на анализа;
2. која **методологија** за анализа сте ја користеле, односно како сте ги анализирале податоците за да дојдете до клучните наоди, и кои **информации** и **документи** и како сте ги обезбедиле;
3. детално за секој **наоди** давате детално образложение како сте дошле до истиот, а притоа пожелно е да користите дел од табелите или графиконите кои сте ги изработиле за подобра илустрација и следење;
4. за секој наод давате **препорака** како истиот треба да биде адресиран од страна на надлежните институции и која институција конкретно треба да постапи по наодот.

Врз основа на овој документ потребно е да се изработат и кратки информации за секоја целна група кон која истите ги презентирате. Подетално за користењето на овие информации за застапување и развивање на планови и активност за застапување ќе најдете во следниот Прирачник: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Budget%20monitoring%20and%20advocacy.pdf

**На што да се фокусирате!**

**__1. Предмет__**
- Кој е сегашниот контекст од каде потекнува проблемот кој сте го идентификувале, како и неговото влијание врз вашите целни групи?
- Зошто проблемот кој го адресирале и сте го анализирале е важен за јавните институции и граѓаните?

**__2. Методологија__**
- На кој начин сте ги обезбедилеинфомациите кои сте ги анализирале, во кои документи се содржани анализираните информации, дали сте се соочиле со одредени проблеми во прибирање на информации и кои информации ви недостасуваат, на кој начин сте ги обработувале податоците или кои пресметки за сте ги користеле.

**__3. Наоди__**
- Врз основа на направените пресметки ќе добиете одредени заклучоци кои ќе водат кон клучните идентификувани проблеми, налистајте ги.
- под секој заклучок дадете детално обајснување или толкување на податоците со илустративно користење наподатоци, графикони и табели.

**4. Препораки**

- врз основа на секој заклучок, наведете конкретни предлози како да идентификуваниот проблем треба да се надмине и која институција треба да го спроведе предлогот.

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост на
жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Овој документ е подготвен со кофинансирање од Фондација Отворено Општество Македонија и Европската Унија.
Содржината на овој документ е целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на ФООМ и Европската Унија.